Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-222/8
27-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-222/1 од 7.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted], против Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.3.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Цветанка Иванова кон [redacted] врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На ден 7.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] во Собрание на Република Северна Македонија против Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителот смета дека во Собранието постои дискриминаторска практика при процесот на унапредување на државни службеници. Имено, подносителот е државен службеник вработен во службата на Собранието од 1998 година, а во Секторот за меѓународна соработка е од 2006 година. Наведува дека последните два објавени конкурси во текот на месец јануари 2024 година, внатрешен и надворешен, го потврдиле неговиот сомнеж за постоење на дискриминаторски мотиви за неговото изоставување од унапредување. Во период од две години, вклучувајќи ги и последните два конкурси, осум од десет вработени биле или ќе бидат унапредени, Притоа, од двајцата кои не се унапредени едниот е тој, а другиот е колега кој бил вработен пред две години, за кого е сè уште рано да биде унапреден.

Тој смета дека внимателно е планирана секвенца која предвидува негова колешка прво да биде унапредена на повисока позиција во друг сектор, за после преку хоризонтален трансфер да се врати во неговиот сектор на повисока позиција, а по унапредувањето на друга колешка која првично ја заземала таа позиција, во текот на истиот конкурс во 2024 година.
Исто така наведува дека со последниот објавен конкурс во јануари кој е во тек, планирано е унапредување на колеги од неговиот сектор во друг сектор во повисока позиција, за потоа со наредба да им се даде можност да продолжат да работат во неговиот сектор. Сите колеги планирани за унапредување биле повикани еден по еден на разговор кај генералната секретарка, каде им било кажано дека ќе бидат унапредени, а при разговорот од нејзина страна било побарано никој да не му каже нему ништо за нивното унапредување.

Напоменува дека испратил официјално барање до генералната секретарка за објаснување, но не добил никаков одговор.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.
Согласно член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, со цел постапување по претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 12.2.2024 година испрати Барање за доуредување бр. 08-222/2 до Реџеп Прекопуца, со насока да ја доуреди претставката така што ќе ја наведе дискриминаторската основа врз која смета дека била извршена дискриминација врз него.

На ден 13.2.2024 година подносителот достави доуредување на претставката, заведено под бр. 08-222/3, со кое како дискриминаторска основа го наведува неговото лично својство, односно етничка припадност Албанец. Појаснува дека Цветанка Иванова, како генерална секретарка на Собранието, го повредила начелото на еднаквост при процесот на унапредување во службата на Собранието со тоа што го спречила да го оствари своето право на еднаква основа со неговите колеги од секторот и пошироко во службата на Собранието и го довела во понеповолна положба во споредба со нив.

Исто така дополнува дека при претходните внатрешни конкурси, негова колешка била унапредена два пати во рок од 5 месеци, а за вакви случаи на унапредување едноподруго во рок од 6 месеци, вели дека постојат и други примери. Според информациите со кои тој располага, со внатрешниот конкурс објавен во јануари 2024 година, 34 колеги од службата на Собранието биле унапредени, а уште 12 треба да бидат унапредени со надворешниот конкурс кој е во тек.

Со две дополнувања на претставката од 23.2.2024 година, архивирани под бр. 08-222/4 и 08-222/5, подносителот како дискриминаторски основи ги наведе и политичко уверување и професионална основа.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.2.2024 година испрати Известување бр. 08-222/6 за произнесување по наводите од претставката до Цветанка Иванова.

На ден 12.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Цветанка Иванова како одговор на претставката, заведено под бр. 08-222/7.

Во одговорот се наведува дека наводите во претставката се неосновани, дека целата постапка на унапредување на собраниските службеници се одвива во фер и транспарентен процес, постапувајќи според точно утврдени законски норми кои ја регулираат самата постапка на унапредување.

Имено, според член 40-к став 1 од Законот за Собранието, пополнувањето на работните места во службата се врши преку спроведување на постапка за:
- вработување, преку објавување на јавен оглас,
- унапредување, преку објавување на интерен оглас и
- мобилност, преку распоредување или преземање.

Според член 40-к став 2 од Законот за Собранието, погоре споменатите постапки за пополнување на работно место се спроведуваат во транспарентна, фер и конкурентна постапка, почитувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност.
Според член 40-л став 1 од Законот, постапките за вработување и унапредување се спроведуваат согласно Законот за административни службеници, каде во член 30 став 1 е пропишано дека пополнувањето на работно место се врши преку спроведување на постапка за:
- вработување,
- унапредување и
- мобилност преку распоредување или преземање.

Понатаму, според член 30 став 3 од Законот за административни службеници постапките за унапредување започнуваат со објавување на интерен оглас по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во институцијата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

Имајќи ги овие одредби предвид, во произнесувањето се наведува дека се неосновани наводите од претставката каде подносителот вели дека со „надворешен конкурс" се планира унапредување на собраниски службеници. Во врска со ова Цветанка Иванова појаснува дека со постапка на објавување на јавен оглас се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот, што во никој случај не може да се поистоветува со постапката на унапредување, каде преку интерен оглас се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во институцијата и истиот преминува на работно место на повисоко ниво.

Се наведува дека процесот на унапредување во собраниската служба се одвива во исклучително транспарентна и инклузивна постапка, а под инклузивна постапка се мисли на следново:

Според член 40-ж став 1 од Законот за Собранието, генералниот секретар формира Совет на собраниска служба, како негово советодавно тело, кое изготвува функционална анализа; предлага акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места во службата, изготвени врз основа на функционалната анализа; предлага пополнување на работни места во службата преку интерен и јавен оглас; му помага на генералниот секретар во врска со функционирањето и координирањето на службата и врши други работи.
Според член 40-ж став 2 од Законот за Собранието, советот го сочинуваат раководителите на основните организациони единици, а во неговата работа може да учествуваат и собраниските државни советници.

Имено, се наведува дека пред да се донесе Годишниот план за вработување на институцијата, генералниот секретар секогаш без исклучок свикува совет на Собраниска служба, на кој членовите на советот писмено, преку писарницата на Собранието, доставуваат свои предлози за тоа кои работни места треба да бидат пополнети во периодот што следи, согласно нивните потреби и потребата за правилно функционирање на службата. Истите предлози без исклучок се прифаќаат и се составен дел на Годишниот план за вработување на институцијата.
Финансиска согласност на Годишниот план за вработување дава Буџетскиот совет на Собранието кој се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Истата постапка се повторува и пред објавување на интерен или јавен оглас, генералниот секретар свикува Совет на собраниска служба каде отворено се дискутира за потребите и приоритетите во секторите во Собранието, дополнително членовите писмено ги доставуваат своите предлози за пополнување на работни места во Собранието преку интерен или јавен оглас, по што следи

постапка за објавување на интерен или јавен оглас врз основа на предлозите доставени до генералниот секретар од страна на членовите.

Понатаму, според член 48 став 1 од Законот за административни службеници постапката за унапредување има за цел да им овозможи на административните службеници кариерно напредување, преминување од пониски на повисоки работни места.

Според член 48 став 2 од Законот за административни службеници се почитува начелото на соодветна и правична застапеност.

Според член 48 став 5 од Законот за административни службеници на интерен оглас може да се јави службеник вработен во институција кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво со законот и со актот на систематизација на институцијата.

Според член 49 став 1 од Законот за административни службеници кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријави и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на институцијата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси во институцијата.

Имајќи го ова предвид, се наведува дека е неоснован наводот во претставката дека подносителот бил спречен да го оствари своето право и бил ставен во нееднаква позиција со останатите вработени во службата, особено и единствено со тоа што по спроведената административна проверка било утврдено дека подносителот на претставката, од 2017 година кога Цветанка Иванова е именувана за генерална секретарка на Собранието, па до денес, никогаш немал поднесено пријава согласно член 49 став 1 од Законот за административни службеници со која би се пријавил како кандидат на интерен оглас за унапредување во службата на Собранието. Оттука, имајќи го предвид фактот дека подносителот никогаш и не се пријавил уредно на интерен оглас за унапредување, вклучувајќи го и последниот објавен интерен оглас од 2024 година, се наведува дека логично е да се размислува и дека тој не би можел да биде унапреден бидејќи не го искористил своето право за пријавување.

Дополнително, согласно член 50 став 1 од Законот за административни службеници се формира комисија за селекција за унапредување.
Според член 50 став 2 од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување е составена од:
-раководителот на организационата единица во која се пополнува работно место преку постапка за унапредување, кој е претседател на Комисијата и негов заменик од редот на раководните административни службеници од институцијата,
-раководителот на организационата единица за управување со човечки ресурси или административниот службеник кој ги врши работите кои се однесуваат на управување со човечки ресурси ако нема организациона единица во институцијата која вработува,
кој е член и негов заменик од редот на раководните административни службеници од институцијата и
-административен службеник од Секторот за селекција на кандидати за вработување во Агенцијата, кој е член и негов заменик.
Според член 51 став 1 од Законот за административни службеници постапката за селекција за унапредување се состои од две фази, административна селекција и интервју.
Според член 51 став 6 од Законот за административни службеници, врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата составува финална ранг-листа и му го **предлага** прворангираниот кандидат на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.

Според член 52 став 1 од Законот за административни службеници, во рок од три дена од добивањето на предлогот од страна на Комисијата, секретарот односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар е **должно** да донесе одлука за избор.

Во овој контекст Цветанка Иванова нагласува дека од горенаведените одредби произлегува дека генералниот секретар нема исклучиво дискреционо право да одлучува за тоа кој ќе биде унапреден, односно треба да го почитува предлогот кој му е доставен од страна на Комисијата за селекција за унапредување.

Дополнително, таа наведува дека за тоа што наводите во претставката се неосновани, конкретно дека е сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, говори фактот што во периодот од 2017 година па до денес, во Собранието се објавени 6 интерни огласи, преку кои се унапредени 90 собраниски службеници, од кои пак 40 припаѓаат на албанската етничка заедница, или изразено во проценти 45% од унапредените се Албанци.

Исто така, дека се неосновани наводите во претставката за сторена дискриминација по било каква основа, вклучително и личното својство на подносителот е и фактот што истиот, согласно законските прописи при распределба на оцената „5" на вработените во службата на Собранието во постапка каде што можат со оцена 5 да бидат оценети најмногу 5% од вработените во службата, во 2019 година бил оценет со оценка 5, со што бил награден и согласно законските одредби му била исплатена една нето плата.

Последно, таа истакнува дека подносителот во претставката не навел ниту една соодветна компарација за нееднаквиот третман во однос на останатите собраниски службеници. Оттука ги отфрла сите наводи за сторена било каква дискриминација по било која дискриминаторска основа и тврди дека не е сторено неповолно постапување, разликување или ограничување на некое право на подносителот, споредено со третманот кој го има или би можел да го има било кој друг службеник со Собранието во исти или слични услови.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката е вработен како Раководител на Одделение за билатерална соработка во Собранието на Република Северна Македонија. Претставката ја поднесува поради наводни дискриминаторски практики при постапките за унапредување во службата на Собранието. Смета дека кон него се врши дискриминација врз основа на етничка припадност и политичко уверување од страна на генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова, а поради негово неунапредување во службата.

Притоа, откако Цветанка Иванова е именувана за генерална секретарка во 2017 година, па до денес, подносителот никогаш не се пријавил на интерен оглас за унапредување во службата на Собранието согласно предвидената постапка за унапредување во Законот за административни службеници, со што би можел да биде унапреден.
Истовремено, во истиот период од 2017 година до денес, во Собранието биле објавени 6 интерни огласи преку кои биле унапредени вкупно 90 собраниски службеници, од кои 40 Албанци.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или*

*резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

Во конкретниот случај, фактот што подносителот не бил унапреден на работно место на повисоко ниво, заедно со неговата припадност на албанската етничка заедница, сами по себе не се доволни за да се извлече заклучок за нееднаков третман во споредба со останатите колеги од службата. Поточно, за да постои дискриминација потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот, во однос на третманот на останатите вработени во службата на Собранието и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа.

Во оваа насока, подносителот на претставката [redacted] во периодот од 2017 година до денес, никогаш не се пријавил на интерен оглас за унапредување во службата на Собранието, со што би можел да биде унапреден.
Имено, согласно член 49 став 1 од Законот за административни службеници, кандидатите за унапредување се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријави и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата на институцијата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси во институцијата.
Оттука, за подносителот да можел да биде унапреден, односно да биде земен предвид при одлучувањето за унапредување, тој требал да поднесе уредна пријава со која би ја изразил својата волја да биде унапреден во службата на Собранието. Во овој случај, не може да стане збор за нееднаков третман кон него во однос на останатите колеги кои биле унапредени во службата, бидејќи тој воопшто не се ни пријавил на интерен оглас за унапредување.

Понатаму, во истиот период од 2017 година до денес, во Собранието биле објавени 6 интерни огласи преку кои биле унапредени вкупно 90 собраниски службеници, од кои 40 Албанци.
Имајќи го ова предвид, Комисијата утврди дека не постои ниту соодветен компаратор во однос на кој би се ценела наводната дискриминација врз основа на етничка припадност, бидејќи во истиот период 40 други вработени во Собранието, припадници на истата етничка заедница, биле унапредени во службата.

Последно, во однос на одговорноста на генералната секретарка, Комисијата оцени дека истата нема пасивна легитимација во однос на изнесените наводи во претставката, и тоа од две причини: 1) Согласно член 40-ж став 1 од Законот за Собранието на Република Северна Македонија, генералниот секретар формира Совет на собраниска служба, како негово советодавно тело, кое меѓу другото предлага пополнување на работни места во службата преку интерен и јавен оглас и 2) Согласно член 51 став 6 од Законот за административни службеници, врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција составува финална ранг-листа и му го **предлага** прворангираниот кандидат на секретарот, кој согласно член 52 став 1 од Законот, во рок од три дена од добивањето на предлогот од страна на Комисијата, е **должен** да донесе одлука за избор, што значи дека Цветанка Иванова, како генерална секретарка на Собранието, нема дискреционо право да одлучува кој ќе биде унапреден, туку носи одлука врз основа на предлогот добиен од Комисијата за селекција.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на генералната секретарка на Собранието на Република Северна Македонија, Цветанка Иванова, кон [redacted]

Скопје
27.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Цветанка Иванова, Собрание на Реублика Северна Македонија, бул. 11 Октомври бр. 10, 1000 Скопје